**Љубица ТОПУЗОСКА**
**Елена ПЕТРЕСКА**
**Иван БИМБИЛОВСКИ**

**37. 015. 31. : 17. 022. 1 (497.7)**

# МОРАЛНИОТ РАЗВОЈ И ЕТИЧКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

**Abstract**

In the first years of life, the period of childhood, an individual has no formed moral values and follows the moral of people in his/her immediate environment. According to Jean Piaget and Lawrence Kohlberg, this is the stage of moral heteronomy and involves monitoring of the values of the other people. This period of life (the period of childhood and adolescence) is crucial for building of the moral values. The aim is to create a person with individual moral values and high ethics standards, completely independent in terms of morality. The transition from moral heteronomy into moral autonomy is the basis of the ethical education. This paper presents the results of experimental teaching in ethics that was first performed in R. Macedonia for a period of two school years for pupils in second and third grade of elementary school. Control groups were also introduced in order to compare results and get full insight. According to thefindings of the research and the results of the experimental teaching, in combination with the gained relevant knowledge in the fields of pedagogy, psychology and ethics, a curriculum has been developed corresponding to the needs of the ethical education of children in early school age.

**Key words:** *moral, moral development, ethical education*

## ВОВЕД

Моралниот и интелектуалниот развој се паралелни процеси. Интелектуалното раснење и градење се манифестира со морално формирање на личноста, а со тоа започнува и етичкото знаење. Суштината на постоењето во поширока смисла подразбира јасна визија за задачите и проникнување во иднината. Личноста треба да поседува капацитет- квантум на знаења и вештини, со кои ќе го согледа своето место и улога на глобално ниво. Емил Диркем ја истакнува перманентната цел и задача на заедницата, да ја осигура егзистенцијата и непроменливоста на моралните вредности (Piaget, J., 1997: 328). Луѓето се во постојана интеракција што имплицира прифаќање на моралните норми и правила и прогресивно делување. Со оглед на сведочењето на бројни негативни појави, се наметнува и потребата од организирана форма на етичко образование, што подразбира морално обликување и етичка едукација. Денес во светски рамки овој вид на образование се воведува и се изучува на сите образовни степени. Кант истакнува дека човекот е единствено суштество кое подлегнува на воспитување, а ова е и основата на педагошката потреба и дејност (Kant, I., 1994: 139). Воспитувањето во суштина е етички процес кој се реализира преку односите меѓу луѓето. Затоа е неопходно да се следи моралот кој владее во заедницата, што го посочува и Вук Павловиќ (Pavlovic, P.V., 1996). Значењето на моралното обликување на личноста денес посебно се нагласува во периодот кога се создава нова воспитна област-етичко образование. Целта, според Темков, е создавање автономни личности со капацитет за самостојно носење етички решенија и креирање правилни и ефективни морални норми (Темков К., 2001: 49).

Кога зборуваме за моралното воспитување и етичкото образование, треба да го споменеме значењето на емпатијата, што подразбира вчуствување, можност на делење на искуството со личноста со која остваруваме комуникација. Емпатијата е перцепција и комуникација со резонирање, идентификување, доживување на самата рефлексија на другата личност (Brataniс, M., 2002: 119-125). Потребата од етичкото образование и негово инкорпорирање во воспитно-образовниот систем ширум светот ја согледа и покрена светската организација за образование, наука

и култура УНЕСКО. Изделувањето на етичкото образование во засебен вид на образование се должи и на учењата на Жан Пијаже и Лоренс Колберг. Тие докажаа дека моралноста е развојна категорија и започнува од најраните години (Piaget, J., 1997; Kohlberg, L. 1981). Круцијалниот период го опфаќа времето на адолесценцијата. Моралното обликување е континуиран и перманентен процес – систем на учења и делувања кој трае во текот на целиот живот. Целта на етичкото образование е оспособување на личноста за морална должност и морална обврска, што подразбира морално однесување и дејствување (Bennet, J.W., 1995: 481 - 590). Ангажманот за воведување на етичкото образование во образованието во Р. Македонија, ја изразува амбицијата за унапредување на образовниот систем и следење на современите светски трендови и тенденции. Според Темков, повеќегодишните заложби за воведување на етичкото образование во Р. Македонија се насочени кон негово воспоставување на сите три нивоа на образование основно, средно и високо (Темков К., 2009: 89).

**Моралот како развојна категорија**

Иницијална точка е детскиот морал и можноста од детското разбирање на доброто и злото, како и нивната способност за правење диференцијација меѓу нив. Во најраната возраст од развојот не постои можност за познавање на потребите на другите. Детскиот сензибилитет е насочен кон сопствените непосредни потреби. Ова е егоистичен и егоцентричен стадиум од детската возраст и трае релативно кратко во првите две години од животот. После втората година започнува развојот на моралното однесување и воспоставувањето на првите социјални контакти насочени кон потесното семејство, што претпоставува прифаќање на правилата кои тие ги поставуваат. Во раната фаза од развојот, индивидуата се ориентира според авторитетот (Bennet, J.W., 1995: 481 – 590). Семејството ја претставува првата и основна компонента на етичката едукација. Но, сепак моралното знаење не е доволно, потребен е процес на перманентно воспитување. За развојот на овој процес потребно е морално судење, разбирање и прифаќање, следење на правилни форми на однесување и развивање самоконтрола.

За развојот на сознанијата за моралниот прогрес на личноста и за појавата на етичкото образование примарна улога имаат учењата и истражувањата на Жан Пијаже и Лоренс Колберг кои открија значаен проблем на развојната психологија и педагогијата. Развојот на моралното мислење се одвива низ стадиуми, каде целта е личноста да го достигне крајниот стадиум (Piaget, J., 1997; Kohlberg, L. 1981). Почетниот стадиум е наречен аморална фаза (егоцентричен стадиум на развој), што подразбира неможност за морална перцепција. После втората и третата година од животот, следува периодот на хетерономија во поглед на моралот – отсуство на сопствени морални погледи и следење на моралот на личностите со кои се остварува непосредна интеракција. На почетокот тие се членовите на потесното семејство со кои комуникацијата е секојдневна, а потоа овој круг се повеќе се шири. На овој начин, личноста морално се обликува во согласност со влијанијата на кои е непосредно изложена. Затоа од пресудно значење е моралното водење на детето и позитивниот пример со кој ќе се идентификува. Ова ја имплицира и потребата од изучување на основните, елементарни содржини на етичкото образование, со цел правилно, континуирано и систематско морално обликување.

Целта на етичкото образование е формирање на автономна личност во поглед на моралот, што подразбира изградени морални норми и чувство на должност за нивно почитување и реализирање. Пијаже и Колберг освен што ја докажале развојноста на моралот, ја покажале и паралелната врска помеѓу моралниот и интелектуалниот развој. Детето не е доволно интелектуално зрело за да ја разбере рационалната страна на правилата. Правилата за детскиот ум се надворешни, независни од него како субјект (Ibid.). Пијаже укажува на две работи – имено моралните правила и императиви остануваат надворешни за детето, второ-дисциплинските мерки на возрасните се многу проблематични, многу често возрасните се ориентираат само на надворешното однесување на

детето. Тој како фактори кои носат прогрес во моралното мислење ги посочува интелектуалниот напредок, попуштањето на природата од страна на возрасните и соработката со врсниците (што е од големо значење). Правилата се усвојуваат-учат низ игра, а рамнотежата во односите и соработката го потиснуваат егоцентризмот и слепото верување во авторитети. Свесноста се развива преку споредување на сопствените мисли со мислите на другите, со што се развива објективното сфаќање на моралноста (Piaget, J., 1997). Моралот како развојна категорија поминува низ повеќе фази-стадиуми. Ова го констатира и Лоренс Колберг. Како фактори на моралниот развој ги истакнува емпатијата, поттикнувањето на логичкото мислење и рационално аргументирање, одговорност-средина која овозможува носење лични морални одлуки, когнитивно-морален конфликт (изложување на сопствените мислења за моралните одлуки) и партиципација во заедницата (Kohlberg, L. 1981).

**Морална дилема, етичко објаснување и етичка поука**

За прв пат во Р. Македонија се реализира експерименталната настава по етика, во времетраење од две учебни години 2003-2005. Реализацијата на наставата се одвиваше во континуитет во истото одделение (второ и трето) во ОУ Владо Тасевски- Скопје. За овој проект се подготви посебна програма и наставни материјали, како и инструменти за оценување, со седмична застапеност од два часа. Целта во првата година од реализацијата беше да се испита рецепцијата на етичките теми кај учениците од оваа возраст. Смислата на етичката содржина и метод беше етичката поука. За непречена реализација на наставата беа подготвени соодветни материјали од проф. д-р Кирил Темков, серија етички текстови кои се објавуваа еднаш неделно во дневниот печат. Секој текст имаше дел со расказ, каде се презентираат моралните дилеми, по што следува етичко објаснување и етичка поука. Етичките содржини беа класифицирани во шест истражувачки теми кои ги опфаќаа сите сфери на општествениот живот. На крајот од секоја тема се применуваа два прашалници преку кои се проверуваа етичките знаења и способности. За понатамошна реализација на наставата по етика во наредната година се примени методот на етичка дилема и избор и методот на етичка оценка. Етичките материјали во кои беше застапен методот на морална дилема и избор третираа различна проблематика. Текстовите имаа поинаква структура, немаа крај, а замислата беше учениците самостојно да го согледаат-креираат завршниот дел, а со тоа го претставуваа и проектираа својот избор. Овој сегмент влијаеше на особена мотивација и чувство за важност на личните размислувања. Целта на етичката настава со примена на методот на етичка дилема и избор беше проверка на можноста од правење етички избор кај децата од оваа возраст.

За потемелни сознанија се изврши и компарирање со контролни групи од другите одделенија (четири контролни одделенија, едно на иста возраст, едно оделение на помала возраст, едно одделение, една година повозрасни деца и едно одделение, две години повозрасни деца), што покажа разлика во поглед на самостојноста и креативноста во индивидуалната работа помеѓу експерименталната и контролните групи во корист на експерименталната група. Завршен метод на настава по етика беше методот на етичка оценка. Етичкото оценување е составен дел од етичкото вреднување. Усвојувањето на етичката вредност е придружено со создавање нејзина апликација во форма на морална норма, која бара да биде следена. Нормата е импулс за дејствување. Моралниот процес е сложена целина од духовни визии и избор (идеал, вредност, цел), од дејствени препораки и налози (императив, норма, правило) и од самото морално дејствување. Во целината на моралниот процес спаѓа и моралната оценка за извршените дејстава, како и натамошно преиспитување на моралната активност низ перспективата на поопштите вредности и на квалитетот на моралната практика (ова е основа за градење на моралната свест и совеста). Во етичкото образование треба да спаѓа и едукацијата за етичкото оценување и општата размисла за моралот како збир од сите етички активности. Затоа во експерименталната настава по етика, нужно влезе и примената на методот на етичко оценување. Примената на методот на етичка оценка во голем дел наликуваше на примената на методот на етичка дилема и избор. Подготвените текстови презентираа одредено морално, или

неморално делување, на кое се бараше оценување на истото од страна на децата. И во овој дел од реализацијата беа вклучени и контролни групи. Учениците од контролните групи го диференцираат доброто и лошото однесување и ја согледуваат презентираната морална ситуација, но етичкото оценување не го поткрепуваат со сопствени размислувања и аргументи, немаат концизно објаснување. Перманентното изучување на етичкото образование покажа дека учениците континуирано и систематски се оспособуваат самостојно да размислуваат, до израз доаѓа нивната индивидуалност, креативност и верување во сопствените способности. При реализација на експерименталната настава по етика, се користеа методите на демонстрација, набљудување, усно изложување, разговор, педагошки експеримент, работа со текст. Од наставните форми се применија индивидуалната форма на работа, групната форма, фронталната и работата во парови. За следење на ретенцијата на знаењата се применија прашалници-структурирани и полуструктурирани, како и текст метод на самостојно изложување на сопствените размислувања и стекнати знаења за одредени морални проблеми.

Експерименталната настава по етика ги следеше современите педагошки текови и актуелни потреби во модреното општество. Етичките содржини имаат отворен пристап за прогресивни, хумани идеи, размена на мислења, овозможувајќи морално обликување на личноста на еден суптилен начин.

Табела 1. Ученици кои беа вклучени и непосредно ја следеа експерименталната настава по етика во Р. Македонија

| Вклучени ученици во две-годишната настава по етика | Вклучени ученици како контролна група 1 (возраст 7 год.) | Вклучени ученици како контролна група 2 (возраст 8 год.) | Вклучени ученици како контролна група 3 (возраст 9 год.) | Вклучени ученици како контролна група 4 (возраст 10 год.) |
|---|---|---|---|---|
| 25 | 27 | 33 | 28 | 31 |

Табела 2. Останати субјекти кои ја следеа наставата по етика во Р. Македонија

| Вклучени родители и други субјекти | Психо-педагошка служба | Професори од Филозофски факултет | Професор од Европски универзитет Скопје |
|---|---|---|---|
| 100-150 | 3 | 3 | 1 |

Табела 3. Реализирани часови

| Часови во првата година на реализација 2003/2004 | Часови во втората година на реализација 2004/2005 | Часови во контролните групи кои се вклучуваа повремено |
|---|---|---|
| 2 часа седнично | 2 часа седмично | По 2 часа на секое тримесечие во сите 4 групи |
| 72 часа годишно | 72 часа годишно | 24 часа во првата година и 24 часа во втората година (вкупно 48 часа) во четирите контролни групи |

**ЗАКЛУЧОК:**

Врз основа на регистрирањето, анализирањето, компарирањето и евалуирањето на спроведените активности во наставата по етика и врз основа на здобиените искуства од нејзината непосредна реализација, ги презентираме следниве сознанија и заклучоци.

Примарно, докажана е можноста и квалитетот за рецепција на етичките содржини од страна на учениците на возраст од 8 до 10 години. Етичката настава овозможи примена на различни дидактички средства, методи и форми на работа, што придонесува за современ пристап во концептот на модерното образование. Етичкото образование е особено значајно за морално градење на личноста, со оглед на хетерономниот стадиум во кој се наоѓаат децата од оваа возраст. Тоа е нова форма на етичка и педагошка дејност, основа за ширење на етичкиот дух и сознание. На педагогијата слободно може да се гледа како на применета етика. Во едукацијата се реализираат вредностите за кои човештвото смета дека се најважни и следствено треба да бидат пренесувани на младите генерации. Моралното воспитување е нераскинлив дел од процесот на едукација. Овој вид воспитување подразбира постепена адаптација на личноста на социјалните цели и вредности и нејзино оспособување за следење и извршување на општествените норми. Експерименталната настава по етика покажа отвореност за разни содржини што овозможува флексибилност и актуелизација при реализацијата. Наставните содржини се со интерактивен приод што имплицира корелација со останатите наставни предмети и содржини, како и поврзаност со неформалното образование. Етичките содржини се блиски на детското искуство и непосредното перцепирање. Наставата по етика во одделенската настава има морално-инструктивен и воведувачки карактер, соодветствува на возраста на учениците и нивниот развој, што овозможува непречено следење со големо интересирање од страна на учениците и изразена љубопитност. Етичките содржини позитивно делуваат на личноста на учениците и придонесуваат за нивно морално обликување. Позитивната промена во однесувањето на учениците, ја регистрираа и други субјекти надвор од училницата (родители, наставници, другарчиња). Експерименталната настава по етика, ја покажа потребата од посебни истражувања од областа на методиката на наставата по етика со што би се решиле педагошко-дидактичките прашања на оваа настава.

Во демократското општество се очекува личноста да има свои ставови и да биде творец на согледби и норми на живеење. За ваквата интенција потребно е таа да биде образована во духот и низ сознанијата на етиката, како би можела да биде конструктивен член на заедницата, а општеството да ги остварува вистинските етички цели преку нејзиното делување.

Првите искуства од етичкото образование во одделенската настава се позитивни. Родителите, јавноста и педагошките власти добро ја прифатија иницијативата на Институтот за филозофија на Филозофскиот факултет во Скопје за воведување на етиката во сите образовни степени. Медиумите редовно известуваа за наставата по етика (пишаните-дневниот печат и месечните списанија, а беше снимена и емисија од серијалот Образовни видувања на МТВ во која беше проследен часот по етика). Наставата по етика е потребна и за учениците од помала возраст и соодветствува на проширените образовни потреби и задачи денес. На овој начин се извршија сериозни подготовки за имплементирање на етичкото образование во образовниот системво Р. Македонија.

**КОРИСТЕНА ЛИТЕРТУРА**


1. Bennet, J.W. (1993), The Book of Virtues, Simon&Schuster, New York;
2. Bennet, J.W. (1995), The Moral Compass, Simon&Schuster, New York;
3. Bratanic, M. (2002), Paradoks odgoja, Hrvatska sveucilisna naklada, Zagreb;
4. Davis, M. (1999), Ethics and the University, London-New York, Routledge;
5. Donaldson, M. (1988), Um deteta, Zavod za udzbenike i nastavna sredstva. Beograd;
6. Kant, I. (1994), Pedagogy, Sofia;

7. Кикерон, М. Т. (2005), За должностите, Магор, Скопје;
8. Kohlberg, L. (1981),Essays on Moral Development, Vol. I: The Philosophy of Moral Development. San Francisco, CA: Harper & Row;
9. Marik, J. (2001), Razvoj moralnog mislenja, Kalekom, Beograd;
10. Pavlovic, P.V. (1996), Filozofija odgoja, Zagreb;
11. Piaget, J. (1997), The Moral Judgment of the Child, New York;
12. Singer, P. (1991). A Companion to Ethics, Blackwell Publishers Ltd, Oxford;
13. Thiroux, J. (1995), Ethics, Theory and Practice, Prentice HollInc, Simon&Schuster, New Jersey;
14. Темков, К. (2001), Етичкото образование денес, Воспитание, Штип, бр.1;
15. Темков, К. (2009), Етика на културата, Кавадарци;
16. Темков, К. (2014), Етичари, Дом на културата, Кавадарци.